Уп. Бр.08-89/2020

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Гиесеке+Девриент Гезелшафт мит бешренктер Хафтунг (Giesecke+Devrient Gesellschaft mit beschränkter Haftung), со регистрирано седиште на адреса улица Принцрегентштрасе 159, 81677, Минхен, Германија, преку полномошник Божидар Милошевиќ, адвокат од Скопје на седницата одржана на ден 21.10.2020 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која Гиесеке+Девриент Гезелшафт мит бешренктер Хафтунг (Giesecke+Devrient Gesellschaft mit beschränkter Haftung), со регистрирано седиште на адреса улица Принцрегентштрасе 159, 81677, Минхен, Германија, ќе стекне контрола (негативна контрола) над Нетцетера Груп АГ (Netcetera Group AG), со регистрирано седиште на Ципресенштрасе 71, 8040, Цирих, Швајцарија, преку стекнување на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот) на ден 02.10.2020 година, а дополнето на 07.10.2020 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Гиесеке+Девриент Гезелшафт мит бешренктер Хафтунг (Giesecke+Devrient Gesellschaft mit beschränkter Haftung), со регистрирано седиште на адреса улица Принцрегентштрасе 159, 81677, Минхен, Германија, со која Гиесеке+Девриент Гезелшафт мит бешренктер Хафтунг ќе стекне контрола над Нетцетера Груп АГ (Netcetera Group AG), со регистрирано седиште на Ципресенштрасе 71, 8040, Цирих, Швајцарија, по пат на стекнување на акции. Трансакцијата се однесува на стекнување самостојна (негативна) контрола од страна на Гиесеке+Девриент Гезелшафт мит бешренктер Хафтунг над Нетцетера Груп АГ, преку стекнување на 30% од акциите кај Нетцетера Груп АГ од страна на Гиесеке+Девриент Гезелшафт мит бешренктер Хафтунг.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Гиесеке+Девриент Гезелшафт мит бешренктер Хафтунг** е холдинг друштво на независни подгрупи на зависни друштва, односно технолошка групација на глобално ниво активна во полето на издавање банкноти и хартии од вредност. Произведува картички со магнетна лента и чипови, како и лични карти и документи за патување, решенија за е-влада, решенија за безбедни мобилни трансакции и софтверски систем за крајни мобилни уреди.

Гиесеке+ДевриентГмбХ нема регистрирано присуство во Република Северна Македонија но има остварено локален приход преку следните активности:

- Продажба на национални лични карти, пасоши, дозволи за престој и возачки дозволи (ВеридосГмбХ (Veridos GmbH)).
- Продажба и сервис за машини за процесирање на банкноти (вклучително и до Народната Банка на Република Северна Македонија) (Гиесеке+Девриент Технологија за валути ГмбХ (Giesecke+Devrient Currency Technology GmbH)).
- Продажба на СИМ картички за мобилни телефони и платежни картички за банки (Гиесеке+Девриент Мобилна безбедност ГмбХ (Giesecke+Devrient Mobile Security GmbH)).1

**Нетцетера Груп АГ**е софтверска компанија основана во 1996 година со седиште во Цирих. Преку самостојно контролирани зависни друштва, Нетцетера им нуди на своите клиенти ИТ услуги и дигитални производи.Во суштина, Нетцетера нуди прилагоден развој на ИТ. Ова вклучува развој и имплементација на индивидуализиран софтвер специфициран за потребите на своите клиенти (Биспоук Софтвер (Bespoke Software)). Клиентите се претежно од финансиската индустрија, но и од други сектори, како што се транспорт, медиуми и секторот здравство.

Нетцетера Груп АГ има регистрирано присуство во Република Северна Македонија преку следните две зависни друштва:

- **Друштво за компјутерски услуги НЕТЦЕТЕРА ДООЕЛ експорт-импорт Скопје**, со регистрирано седиште на бул. Партизански одреди бр. 72А, Карпош, Скопје, активно со компјутерско програмирање.
- **Друштво за компјутерски услуги БЛОКВЕРС ДОО Скопје**, со регистрирано седиште на Анкарска бр. 18-кат 1, Карпош, Скопје, активно со компјутерско програмирање.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**